КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на Комората на извршители на Република Македонија

## за периодот од 1 јануари 2016 до 31 декември 2016 година

(пречистен текст)

## Општ преглед на поставеноста и активностите на извршителите во Република Македонија

Во оваа извештајна година, вкупниот број на извршители на 31.12.2016 година изнесуваше 98, и истите се распоредени на 11 подрачја на основните судови во Република Македонија.

Измените во оваа година во број на извршители и пополнетост на предвидени извршителски места во однос на минатата извештајна година се резултат на бришење на четворица извршители од Именикот на извршители поради престанок на должноста и упис на тројца нови извршители кои станаа членови на Комората на извршители.

Во текот на 2016 година, во Именикот на извршители при Комората на извршители се спроведе бришење на четворица извршители чија должност престана:

1. Извршител Благоја Николовски чија должност престана поради исполнување услови за старосна пензија
2. Извршител Љубиша Димитров чија должност престана поради оставка на извршителот
3. Извршител Алберто Ребула чија должност престана поради смрт и
4. Извршител Димитар Стаменков чија должност престана поради исполнување услови за старосна пензија

Во текот на 2016 година, во Именикот на извршители при Комората на извршители се спроведе упис тројца новоименувани извршители:

1. Дашмир Саити од Тетово именуван за извршител за подрачје на Основен суд Тетово
2. Моника Муча именуван за иврштел за подрачје на Основен суд Скопје 1 Скопје и Скопје 2 Скопје
3. Благоја Каламатиев именуван за подрачје на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје.

Моменталната состојба на пополнетост на извршителските места е следната:

| Извршители по подрачни судови 2016 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ** | **Именувани** | **Предвидени со Правилник за број и распоред на службени седишта** | **Недостасуваат** | **Пополнетост** |
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 5 | 7 | 2 | 71,43% |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 7 | 11 | 4 | 63,64% |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 9 | 15 | 6 | 60% |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 5 | 10 | 5 | 50% |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 9 | 11 | 2 | 81,82% |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 4 | 12 | 8 | 41,67% |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 5 | 7 | 2 | 71,43 % |
| **8. Основен суд Скопје 1 и Основен суд Скопје 2** | 34 | 35 | 1 | 97,14 % |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 7 | 9 | 2 | 77,78 % |
| **10. Основен суд Тетово** | 6 | 8 | 2 | 62,50% |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 7 | 7 | 0 | 100% |
| **ВКУПНО:** | **98** | **132** | **34** | 74,24% |

Согласно новините во Законот за извршување (чл. 32 ст. 4 од ЗИ) бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд во иднина ќе го определува министерот врз основа на претходно прибавена согласност од Владата на Република Македонија, без носење на посебен подзаконски акт за бројот на извршителски места.

На барање на Комората 98 извршители пополнија и приложија до КИРМ анкетни листови за 2016 година, по чие сумирање, беа добиени следниве податоци:

<table>
<tr><th colspan="4">Анкета за 2016 година</th></tr>
<tr><td>Р.б.</td><td>Прашање</td><td colspan="2">Вкупно</td></tr>
<tr><td>1</td><td>Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија(вклучувајки ме и мене) изнесува:</td><td colspan="2">623</td></tr>
<tr><td>2</td><td>Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија (не вклучувајќи ме и мене) изнесува:</td><td colspan="2">509</td></tr>
<tr><td></td><td>* со средно образование</td><td colspan="2">113</td></tr>
<tr><td></td><td>*дипломирани правници</td><td colspan="2">350</td></tr>
<tr><td></td><td>*со друго високо образование</td><td colspan="2">90</td></tr>
<tr><td></td><td>*дипломирани правници со положен правосуден испит</td><td colspan="2">175</td></tr>
<tr><td></td><td>*дипломирани правници со положен испит за извршители</td><td colspan="2">98</td></tr>
<tr><td></td><td>*(друго ако има допиши)-основно образование</td><td colspan="2">10</td></tr>
<tr><td>3</td><td>Број на волонтери</td><td colspan="2">11</td></tr>
<tr><td>4</td><td>Број на помошници извршители</td><td colspan="2">56</td></tr>
<tr><td rowspan="2">5</td><td rowspan="2">Мојот Заменик извршител е</td><td>а) вработен во мојата канцеларија</td><td>27</td></tr>
<tr><td>б)друг извршител</td><td>71</td></tr>
<tr><td>6</td><td>Со колку компјутери вкупно располагате Вие и вашите вработени во извршителската канцеларија?</td><td colspan="2">613</td></tr>
<tr><td>7</td><td>Дали се истите мрежно поврзани ? ( одговорете со да или не)</td><td>да 98</td><td>не 0</td></tr>
<tr><td>8</td><td colspan="3">Дали користите електронски пристап до услугите на (одговорете со да или не)</td></tr>
<tr><td></td><td>*Централен регистар</td><td>да 67</td><td>не 31</td></tr>
<tr><td></td><td>*Управа за јавни приходи</td><td>да 62</td><td>не 36</td></tr>
<tr><td></td><td>*КИБС</td><td>да 97</td><td>не 1</td></tr>
<tr><td></td><td>*Катастар</td><td>да 96</td><td>не 2</td></tr>
<tr><td></td><td>*Службен Весник</td><td>да 33</td><td>не 65</td></tr>
<tr><td></td><td>*е банкинг плаќање</td><td>да 90</td><td>не 8</td></tr>
<tr><td></td><td>*On line бази на закони и прописи (академика или др.)</td><td>да 47</td><td>не 51</td></tr>
<tr><td></td><td>*Агенција за вработување на РМ</td><td>да 97</td><td>не 1</td></tr>
<tr><td>9</td><td>Извршителот има квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати - токен за електронски потпис? (одговорете со да или не)</td><td>да 98</td><td>не 0</td></tr>
</table>

Согласно што, вкупниот број на вработени лица во извршителските канцеларии, не вклучувајќи ги извршителите, изнесува 509 што е за 17 лица помалку од минатата извештајна 2015 година, односно изразено по години просечниот број на вработени во канцелариите за прв пат бележи пад после неколку години континуиран пораст.

| Година | Број на извршители | Број на вработени | Просечен број на вработени во канцеларија (без извршител) |
|---|---|---|---|
| 2008 | 54 | 231 | 4,28 |
| 2009 | 77 | 177 | 2,95 |
| 2010 | 79 | 375 | 4,69 |
| 2011 | 91 | 339 | 3,85 |
| 2012 | 92 | 400 | 4,35 |
| 2013 | 98 | 460 | 4,69 |
| 2014 | 97 | 507 | 5,23 |
| 2015 | 99 | 526 | 5,31 |
| 2016 | 98 | 509 | 5,19 |

Видно од анкетните листови, бројот на вработени кај извршители е намален иако истовремено има зголемување на бројот на примените барања на извршување во 2016 година, но видно од извештајот има пад на реализацијата во канцелариите.

| **Година** | **Вкупно примени барања за извршување** | **Број на вработени** | **Процент на реализација** | **Наплатени средства од извршување во денари** | **Наплатени средства од извршување во евра** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | 159,575 | 507 | 30.99% | ден 6,634,421,232.00 | 107,876,768.00 € |
| **2015** | 154,522 | 526 | 33.95% | ден 6,620,288,163.00 | 107,646,962.00 € |
| **2016** | 227,836 | 623 | 24.02% | ден 7,316,327,660.50 | 118,964,677.41 € |

Комората на извршители во оваа извештајна година за свои потреби спроведе три анонимни анкети, и врз основа на податоците од извршителите кои позитивно одговорија на барањето за учество во анкетата се дојде до следните резултати:[1]

| Анкети спроведени од КИРМ во текот на 2016 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.б | Анкета | Број на извршители | број на одговори | процент на одговори | Одговори |
| 1 | Анкета спроведена за потребите на Народна банка на РМ | 98 | 39 | 39,80 | * 29 % од извршителите сметаат дека електронското доставување на налозите ќе го олесни и забрза процесот на извршување * 34 % од извршителите се изјасниле дека ќе бидет во можност во 2017 година да ги доставуват налозите за извршување со електронско потпишување (т.е. користење на дигитален сертификат<br>* просечно бројот на налози доставен до Народната банка на РМ се движи до 500 налози по извршител |
| 2 | Анкета за законски извршки согласно Закон за извршување | 98 | 24 | 24,49 | *бројот на предмети во кои се однесуваат на барања за законски издршки изнесуваат во просек до 10 по канцеларија на извршител<br>* најчесто должници на алиментација се мажите * најчесто одбегнувањето на плаќање на алиментација е на начин што тврдат дека е веќе исплатен долгот или имаат други задрши од плата |
| 3 | Анкета за водење на сметоводствена евиденција | 98 | 39 | | *предмет на евидентирање од овластен сметководител се двете сметки кај 23% од извршителите *евиденцијата од посебната сметка се води преку овластен сметководител кај 20% од извршителите а кај 18% од извршителите се води интерна евиденција *податоците од посебната сметка кај 7 % од извршителите се изразени во Билансот на приходи и расходи што се поднесува до УЈП, а кај 40% не го изразуват во Билансот на приходи и расходи |

[1] Табелите со целосни резултати од анкетите се Прилог број 1 кон овој Извештај

## Техничка и кадрова опременост на КИРМ

Во однос на техничката опременост на КИРМ, истата располага со: 4 Десктоп Компјутери со MS Office, 1 лап топ компјутер, 5 принтери, 1 факс, 1 ЛЦД проектор, 1 фотокопир, 1 скенер, 3 статични телефонски апарати, 1 метален сеф, 1 огноотпорен ормар, мебел и работни бироа.

Кадровскиот капацитет на стручната служба на КИРМ, се состои од четири лица во редовен работен однос, од кои едно лице вработено како секретар на Комората, едно лице вработено како самостоен референт за архивско и канцелариско работење, едно лице како стручен соработник како и едно лице како помлад стручен соработник.

## Постигнати резултати во извршувањето

Споредбено по години, резултатите за спроведување на извршување врз основа на доставените извештаи за работа на извршителите се следните:

| Година | Примени барања | Реализиран и | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6,335 | 2,750 | 43.41% | 20,217,987.00 € |
| 2007 | 30,098 | 12,102 | 40.21% | 49,294,201.00 € |
| 2008 | 40,141 | 14,332 | 35.70% | 60,054,078.00 € |
| 2009 | 58,516 | 22,901 | 39.14% | 78,054,164.00 € |
| 2010 | 67,297 | 35,607 | 36.76% | 94,760,634.00 € |
| 2011 | 73,570 | 30,668 | 42.65% | 80,106,316.00 € |
| 2012 | 164,055 | 33,384 | 25.74% | 104,312,352.00 € |
| 2013 | 141,115 | 38,205 | 33.96% | 127,780,882.00 € |
| 2014 | 159,575 | 49,452 | 30.99% | 107,876,768.00 € |
| 2015 | 154,522 | 52,457 | 33.95% | 107,646,962.00 € |
| 2016 | 227,836 | 54,720 | 24,02% | 118,964,677.41 € |
| **Вкупно за 11 години** | **1,123,060** | **346,578** | **30,86 %** | **949,069,021.41 €** |

| Податоци од резултати по подрачја на извршители од 2016 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачје** | **Примени барања** | **Реализирани** | **Процент на реализација** | **Наплатени средства во евра** |
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 8570 | 2996 | 34.96 | 1,635,740.57 € |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 10096 | 3743 | 37.07 | 7,091,461.89 € |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 14344 | 6109 | 42.59 | 10,019,679.38 € |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 17029 | 2198 | 12.91 | 4,720,906.94 € |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 18473 | 3437 | 18.61 | 4,545,035.69 € |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 8189 | 1963 | 23.97 | 7,177,533.28 € |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 6643 | 3072 | 46.24 | 3,098,548.98 € |
| **8. Основен суд Скопје 1 и Основен суд Скопје 2** | 110751 | 22052 | 19.91 | 66,683,048.11 € |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 10766 | 4006 | 37.21 | 6,485,175.46 € |
| **10. Основен суд Тетово** | 14293 | 1875 | 13.12 | 3,658,974.11 € |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 8682 | 3269 | 37.65 | 3,848,572.99 € |
| Вкупно | 227836 | 54720 | 24.02 | 118,964,677.41 € |

Во извештајната 2016 година, бројот на вкупно примени барања за извршување во 98 извршителски канцеларии изнесува 227.836 односно примени се поголем број на број на предмети од минатата 2015 година, додека пак процентот на завршени предмети (реализација) по однос на примени предмети во оваа извештајна година е намален и изнесува 24.02 %

што претставува намалување од приближно 10 % во однос на 2015 година кога процентот изнесуваше 33,95%.

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кои извршителите го наплатиле за доверителите во 2016 година изнесува 118,964,677.41 евра.

Процентот на реализација изразен по подрачја на кои се именувани извршителите во 2016 година значително се разликува при што подрачје со наголем процент на реализирани извршни исправи е подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево со 46,24 % , додека пак подрачје на кое има најмала реализација на извршни исправи во однос на примените барања за извршување во тековната година е повторно подрачјето на Основен суд Тетово со процент на реализација од 13,12 %.




| | 1. Основен суд Кочани, Основен суд Бер… | 2. Основен суд Битола и Основен суд Рес… | 3. Основен суд Велес, Основен суд Гев… | 4. Основен суд Гостивар и Основен суд… | 5. Основен суд Куманово, Основен суд… | 6. Основен суд Охрид, Основен суд Стр… | 7. Основен суд Прилеп и Основен суд Кру… | 8. Основен суд Скопје 1 и Основен суд Ско… | 9. Основен суд Струмица и Основен суд… | 10. Основен суд Тетово | 11. Основен суд Штип и Основен суд Све… |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент на реализација во 2014 година | 35.76 | 44.6 | 48.39 | 17.93 | 31.17 | 34.17 | 32.06 | 26.6 | 39.66 | 20.65 | 37.28 |
| Процент на реализација во 2015 година | 43.92 | 49.6 | 41.08 | 29 | 32.56 | 29.32 | 34.17 | 31.02 | 39.83 | 20.58 | 39.28 |
| Процент на реализација во 2016 година | 34.96 | 37.07 | 42.59 | 12.91 | 18.61 | 23.97 | 46.24 | 19.91 | 37.21 | 13.12 | 36.9 |

Според податоците од оваа година во поглед на висина на наплатени средства за доверителите, извршителите од подрачјето на Основните судови Скопје 1 Скопје и Скопје 2 Скопје имаат најмногу наплатено парични средства и тоа во висина од 66,683,048.11 евра, додека пак најмалку наплатиле извршителите на подрачјето на Основните судови Кочани, Берово, Виница, Делчево односно 1,635,740.57 евра.

## Вкупен износ на наплатени средства од извршување




Споредбено податоците за наплата на парични средства за доверителите во последните три години, сумирани по подрачја, се изразени табеларно по подрачја заради поголема прегледност.

| Подрачје | 2014 година | 2015 година | 2016 година |
|---|---|---|---|
| 1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево | 88,430,261.00 ден. | 113,516,551.17 ден. | ден 100,598,045.00 |
| 2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен | 482,079,630.00 ден. | 467,753,989.08 ден. | ден 436,124,906.00 |
| 3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино | 506,771,988.00 ден. | 386,228,333.25 ден. | ден 616,210,282.00 |
| 4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево | 253,589,010.00 ден. | 289,353,754.04 ден. | ден 290,335,777.00 |
| 5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово | 261,926,377.00 ден. | 303,584,686.76 ден. | ден 279,519,695.00 |
| 6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар | 240,370,589.00 ден. | 192,933,212.73 ден. | ден 441,418,296.50 |
| 7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево | 270,170,608.00 ден. | 335,977,948.31 ден. | ден 190,560,762.00 |
| 8. Основен суд Скопје 1 и Основен суд Скопје 2 | 3,564,530,914.00 ден. | 3,653,614,183.05 ден. | ден 4,101,007,459.00 |
| 9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш | 248,790,418.00 ден. | 318,951,344.28 ден. | ден 398,838,291.00 |
| 10. Основен суд Тетово | 459,211,348.00 ден. | 297,383,304.12 ден. | ден 236,687,239.00 |
| 11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе | 258,550,091.00 ден. | 260,930,869.14 ден. | ден 225,026,908.00 |
| ВКУПНО | 6,634,421,234.00 ден. | 6,620,228,175.93 ден. | ден 7,316,327,660.50 |

Согласно податоците од доставените извештаи за работата на извршителите за оваа извештајна година најголемиот број од применете извршни исправи биле успешно реализирани во период на времетраење од повеќе од една година од моментот на поднесување на барањето за извршување:




Споредбено за последните три извештајни години, бројот на реализирани извршни исправи од страна на извршителите континуирано расте :




Комората направи анализа на податоците споредбено по години, врз основа на доставените квартални извештаи од извршителите според основот на побарувањето за кое е поднесено барање за извршување.

Согласно истите, бројот на поднесени барања за реализирање на непарични побарувања во извештајната 2016 година е 180 предмети што е за 40 барања помалку од 2015 година, односно барањата за реализирање на непарични побарувања во споредба со претходната години се во постојан пад.




Според типот на непарично побарување во 2016 година, структурата останува непроменaта како и претходните години со најголем број на барања за реализирање на извршни исправи за испразнување и предавање во владение на недвижности.

Врз основа на добиените податоци, според структура на доверители извршителите во полза на државата наплатиле вкупен износ од 4,102,691.40 евра, што е за 716.625 евра повеќе од претходната 2015 година.

Воедно, во истиот период, назад во стопанството се влезени вкупно 94,933,352.15 евра, благодарение на реализацијата од страна на извршителите во РМ, односно 7.593.110 евра повеќе парични средства наплатени во полза на деловните субјекти во земјата во споредба со 2015 година.

# Структура на наплатени средства според **доверители**

| Структура на наплатените средства според доверители | Износ во денари и евра за 2016 година | | | | Износ во денари и евра за 2015 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - за физички лица | **ден 1,256,666,875.00** | | 20,433,607.72 € | | ден 1,036,525,553.00 | | € 16,854,074.03 |
| - за правни лица | **ден 5,838,401,157.50** | | 94,933,352.15 € | | ден 5,371,424,939.00 | | € 87,340,242.91 |
| - за РМ | **ден 252,315,521.00** | | 4,102,691.40 € | | ден 208,243,110.00 | | € 3,386,066.83 |

Според структура на должници, извршителите во оваа извештајна година наплатиле повеќе средства од правните и физички лица споредбено со претходниот извештаен период, додека има пад на реализација на наплатата од Република Македонија.



**Активности на КИРМ преку органите и комисиите на Комората**

**1.** **<u>Собранието на КИРМ</u>**, во текот на оваа извештајна година има одржа една редовна и неколку вонредни седници, на кои беа донесени следниве поважни одлуки:

- **<u>На седница на десетотто редовно Собрание на КИРМ одржано на ден 05.02.2016 година во хотел Епинал, Битола</u>** беа донесени одлуки со кои се усвои годишниот извештај за работа на Комората за 2016 година, Планот за едукација за 2016 година, Завршна сметка и Фанансиски извештај за 2015 година и Финансиски план за 2016 година. На собранието беше донесена одлука да се дистрибуираат податоците од кварталните извештаи до сите извршители.

- **<u>Вонредно Собрание на КИРМ одржано</u>** во Конференциска сала во Стопанска комора на РМ на ден 08.04.2016 година спроведе избор на членови на органите на Комората и тоа :

- Се избира Зоран Петрески за Претседател на КИРМ со мандат од 10.06.2016 година;
- Се избораат за членови на Управен одбор на КИРМ со мандат од 10.06.2016 година извршителите: Емилија Павловска, Анѓелка Ефкоска, Весна Јакимовска, Јасер Асани, Гордана Џутеска, Јорданчо Давитковски и Благој Бањански.
- Се избира за член на Надзорен одбор на КИРМ со мандат од 10.06.2016 година Драган Кочовски извршител од Велес.

На седница се спроведе и избор на членови на Дисциплинска комисија со мандат од 29.05.2016 година , и за членови беа избрани:
Извршител Николче Диневски од Битола, Извршител Васил Донев извршител од Струмица, Извршител Снежана Андреевска од Скопје, Извршител Ванчо Марковски од Тетово, судија на Основен суд Скопје 1 Скопје Владимир Панчевски како член, судија на Основен суд Скопје 2 Скопје Улбер Хасани како член, Сашо Василевски како член од Совет на Јавни обвинители на РМ, судија на Основен суд Скопје 1 Скопје Сандра Крстиќ како заменик член, судија на Основен суд Скопје 2 Скопје Виолета Арнаудовска како заменик член и Диљавер Бектеши член на Совет на Јавни обвинители на РМ како заменик член на Дисциплинската комисија при КИРМ.

- **<u>Вонредно Собрание на КИРМ одржано</u>** во Конференциска сала во Стопанска комора на РМ на ден 20.06.2016 година спроведе избор на членови на органите на Комората и тоа :

  За член на Управен одбор од Апелационо подрачје Скопје е избран извршител Катерина Кокина од Скопје.

  За членови на Надзорен одбор на КИРМ е избрани се: Извршител Премтим Ќерими од Куманово и Извршител Весна Деловска од Скопје.

  На седницата се донесе и следната одлука:

Се менува Годишниот извештај за 2015 година во делот за вкупно примени и реализирани барања за извршување од страна на извршителите врз основа на корегирани квартални извештаи за работа на извршителите за 2015 година.

Членовите на Собранието одлучија да не се менува логото на КИРМ.

Претседателот на Собранието укажа на извршителите дека согласно одредбите од Законот за спречување на перење на пари како и одредбите од новиот Закон за извршување во делот на дисциплинските повреди кои се предвидени за извршителите, произлегува за неопходно секој извршител да донесе во својата канцеларија Правилник за спрелување на перење пари, а примерок од кој од страна на Стручната служба на Комората им е доставен на сите членови на Собранието.

- **На седница на Вонредно Собрание** на Комората на извршители одржано во хотел Изгрев Струга на 30 октомври 2016 година Комората донесе измени и дополнувања на Правилникот за начинот на распределба на предметите по извршители од страна на Комората, содржината и начинот на барање на доверителот до Комората, содржината на одговорот на Комората, и начинот на доставување на одговорот на Комората до доверителот врз основа на доставено Мислење од Министерството за правда, донесе Предлог измени и дополнувања на Правилник за работно време на канцеларијата на извршителот и на Комората на извршители на РМ како и усвои уште пет акти на Комората на извршители на РМ.

Севкупно, во оваа извештајна година, Собранието на Комората во оваа извештајна година постапи согласно законската обврска и во предвидениот рок од стапување во сила на Законот за извршување (Сл. весник на РМ 72 /16) ги донесе и објави а веб страната на Комората следните акти:

- Статут на Комората на извршители на Република Македонија;
- Кодекс на професионална етика на извршителите;
- Правилник за Дисциплинска одговорност и Дисциплинска постапка;
- Правилник за континуирана и задолжителна едукација;
- Правилник за начин на назначување на помошник извршител, формата и содржината на легитимацијата на помошникот извршител и начинот на нејзиното издавање и одземање;
- Правилник за спроведување на конкурс за именување извршители;
- Правилник за работно време на канцеларијата на извршителот и на Комората на извршители на РМ;
- Правилник за извршителска тајна и слободен пристап до информации од јавен карактер во извршувањето;
- Правилник за начинот на распределба на предметите по извршители од страна на Комората, содржината и начинот на барање на доверителот до Комората, содржината на одговорот на Комората, и начинот на доставување на одговорот на Комората до доверителот;
- Правилник за формата и содржината на извештаите за квартално и годишно работење на извршителот и начинот на нивно пополнување ;
- Правилник за постапување на Комисија за контрола на примена на Тарифата за награда и други надоместоци на извршителите ;
- Правилник за начинот на предавање на евиденција од извршител чија должност престанала, постапувањето по преземените предмети како и правото на надомест на извршителот кој продолжува со работа по предметите;
- Правилник за формата и содржината на таблата за означување на службената просторија на извршителот, печат, штембил, пломба, потпис, дигитален сертификат и начин на нивно користење.

## 2. Управен одбор на КИРМ

Управниот одбор на КИРМ составен од зголемен состав од 9 члена, во текот на оваа извештајна година, има одржано 14 седници, на кои беа донесени следниве поважни одлуки:

Се доделува Плакета за успешно извршување на извршителската дејност за 2015 година на Гордан Станковиќ извршител именуван за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

Се брише од Именикот на извршители на РМ извршител Благоја Николовски од Скопје врз основа на Решение број 09-1428/1 од 17.03.2016 година на Министерот за правда на РМ.

Се врши упис на извршител Дашмир Саити врз основа на Решение на Министер за правда бр.09-692/4 од 09.03.2016 година во Именик на извршители под број

Се усвојува Предлог-Правилник за распределување на предмети на извршители за вонсудска наплата на долгови и Правилник за определување на надлежност на извршител при вонсудска наплата на долгови изготвени од Секретарот на КИРМ, со напатствија истиот да се дополни со одредби за прекин на течење на камати по аналогија на Законот за стечај и да се дополни со одредба за правен режим на спојување на фактури во едно барање за извршување од доверител.

Се одобрува Планот за настани по повод одбележување на јубилеј на десетгодишнината од основање на Комората на извршители на РМ.

Се прифаќа понудата за изработка на два златници за пензионираните извршители.

Се прифаќа понудата за изработка на плакети за сите извршители –основачи на Комората согласно Одлука за основање на Комората од 2006 година.

Се овластува Претседателот на КИРМ да донесе Одлука за избор на членови на Комисија за изработка на предлог акти на Комората согласно новиот закон.

Се укинува Одлуката за определување на висина на надомест на членови на Дисциплинска комисија ;

Се определува надомест за член на Дисциплинска комисија на КИРМ во висина од 1500 денари по одлучување за дисциплински предмет.

Се овластува Стручната служба на КИРМ да објави Оглас за прибирање на понуди за изработка на софтверско решение за распределување на предмети за вонсудска наплата на долгови согласно новиот закон.

Огласот да се објави на сајтот на Комората со рок на прибирање на понуди до 20.05.2016 година.

Се задолжува Стручната служба на КИРМ да достави известување до сите извршители каде има несогласување на податоците од годишните и кварталните податоци со напомена дека во случај да не се постапи по известувањето следи контрола.

Се отповкува Одлуката за формирање на Комисија за изработка на Упатство за пополнување на квартални извештаи дел.бр. 1861 од 12.09.2014 година поради непостапување на членовите на Комисијата.

Се доделува донација на Јуридика прима за Меѓународна конференција Летна школа на правото во висина од 30.000 денари.

Комората на извршители на РМ да ги рефундира патните трошоци за авионска карта на Françoise Andrieux - Претседател на Меѓународната унија на извршители на извршители со седиште во Париз, за престојот во Македонија во период од 02-05.06.2016 година, врз основа на купена приложена карта преку Turkis Airlines. Парите за патни трошоци да бидат рефундирани на сметка на Меѓународната унија на извршители

Се избира понудата на Тренд Ком ДООЕЛ Штип за изработка на софтверско решение за рамномерна распределба на комуналните предметите и вонсуска наплата на долг преку Комората  со вкупна цена од 322.800,00 денари

Се формира Комисија за вршење на контрола над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на тарифата во состав : извршител Гордан Станковиќ, член на Комисијата и извршител Снежана Фитевска, член на Комисијата.

Управниот одбор се огласува за ненадлежен да постапува по барањето мислење за основаност за издавање на Заклучоци за трошоци од страна на извршителите поради стварна надлежност на председателот на основниот суд по член 77 од ЗИ доставено од ЈП Водовод Скопје. Управниот одбор се огласува за ненадлежен да постапува по Приговорот Приговорот на Заклучокот за трошоци И.бр.674/11, И.бр.725/11, И.бр.633/11, И.бр.757/11 и И.бр.657/11 на извршител Антончо Коштанов од Скопје.

Не се дава иницијатива за вршење на вонредна инспекција за поведување на дисциплинска постапка против извршител Магдалена Симовска Давидовиќ именуван за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје, поради решена работа.

Се номинираат извршител Гордан Станковиќ и извршител Антончо Коштанов за членови на работен состанок со експерт од Холандија по барање на Министерството за правда на РМ од 19.08.2016 година

Се вработува на неопределено време лицето Кристина Терзиевска од Скопје на работно место „помлад стручен соработник“ во Комората на извршители на РМ. Работниот однос на неопределено време се заснова сметано до 01.02.2016 год.

Се менува Правилникот за Стручен совет на Комората на извршители на РМ, на начин што наместо мандатот на членовите на Стручен совет да биде 3 (три) години, мандатот да биде 1 (една ) година. Бројот на членови на Стручен совет е лимитиран на вкупно 5 члена.

Оваа одлука стапува на сила по истекот на тригодишниот мандат на постојните членовите на Стручен совет на КИРМ.

Се овластува Претседателот на Комората да направи избор на новинари-соработници на „Правда“ за 2016 година. Списокот на новинари –соработници на „Правда “ за 2016 година Претседателот да го достави до Управниот одбор на КИРМ . Месечен хонорар за ангажиран новинар изнесува  100 евра –нето износ.

Се бришење од Именикот на извршители извршител Љубиша Димитров од Скопје врз основа на Решение на Министер за правда 09-488/5 од 28.01.2016 година

Се усвојува понудата дел.бр.03-217/2 од 07.03.2016 година за печатење на Уписници за барања за извршување на Графохартија ДООЕЛ Скопје.

Се дава согласност на г-дин Михајло Маневски како автор на книгата да печати тираж од 200 книги „ Судска заштита во извршувањето “ согласно понудата Разгледување на понуда од Мајпринт Скопје.
Се овластува Претседателот да склучи договор со авторот преку Авторска агенција во кој ќе се определи задолжително депонирање на 30 примероци во Комората.

Се одобрува предлогот за потпишување на Меморандум за соработка со Комората на извршители на Црна Гора.

Се формира делегација за потпишување Меморандум во состав: Емилија Павловска извршител од Штип, Анѓелка Ефкоска извршител од Скопје, Гордана Џутеска извршител од Струга, Билјана Николовска –Секретар на КИРМ.

Не се одобрува буџет за учество на фудбалска екипа на Комората по повод покана за учество на фудбалски турнир во Евродунавска група во мај во Софија Р. Бугарија.

Да се известат извршителите кои сакаат доброволно на сопствен трошок да се пријават за учество на фудбалски турнир во Евродунавска група во мај во Софија Р. Бугарија.

Се препорачува извршителите да го применуваат член 5 од Законот за извршување во предметите во кои должникот е со живеалиште односно престојувалиште на подрачјето над кое е утврдена кризна состојба врз основа на Одлука на Влада на РМ за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на врнежи и поплави на дел од територијата на РМ ( Службен весник на РМ бр. 147/2016 од 07.08.2016 година), за времетраење на Одлуката на Влада на РМ за кризна состојба.

Се препорачува извршителите да го применуваат член 104 т. 3 од Законот за извршување во случај на сознание за приливи на сметка на должник кои приливи се по основ на донација, хуманитарна помош, обештетување, дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди односно еднократна парична помош доделена на лицата кои се нашле во положба на социјален ризик поради претрпена природна непогода, согласно Законот за социјална заштита .

Се избираат за извршителите Славица Ацовска и Даница Страчкова за заменици членови на Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата.

Се усвојува форма на Извештај за прием на барања за извршување по член 36 ст. 1 од ЗИ.

Се одобрува годишниот распоред на Комората на извршители на Република Македонија за 2017 година со кој се определуваат извршители во 15 (петнаесет) градови во РМ каде нема именувано извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, во просториите на општините за период од една година а врз основа на еднаква застапеност на извршителите.

Се избира понудата Магда Скен Скопје за добавувач за изработка на легитимации на помошници на извршители согласно нов ЗИ.

Се избира проф. д-р Арсен Јаневски за член на Комисијата за спроведување на постапка за избор на извршител од редот на професорите врз основа на предлог на Претседателот на Комората на извршители на РМ.

Се избира Мирјанка Гоцевска Стефановска –член на Судски совет на КИРМ за член на Комисијата за спроведување на постапка за избор на извршител по предлог на Судски совет на РМ.

Се задолжуваат извршител Јорданчо Давитковски од Крива Паланка и извршител Благој Бањански да изработат предлог Правилник за формата и содржината на таблата за означување на службената просторија на извршителот, печат, штембил, пломба, потпис, дигитален сертификат и начин на нивно користење;

Се задолжуваат извршител Емилија Павловска, извршител Методија Костадинов и Благоја Николовски извршител во пензија, да изработат предлог Правилник за начинот на предавање на евиденција од извршител чија должност престанала, постапувањето по преземените предмети како и правото на надомест на извршителот кој продолжува со работа по предметите.

Се овластува Претседателот на Комората да иницира присилно извршување на изречените парични казни согласно констатираното во Извештајот за редовен надзор од Министерството за правда .

Се задолжува Стручната служба на КИРМ да достави известување до извршителите со укажување на Извештајот за надзор на Министерството за правда во делот на неизвршување на дисциплинските одлуки со кои се изречени парични казни.

Да се реафирмира Предлогот за измена и дополнение на Законот за извршување од 12.02.2013 година и повторно да се достави од страна на Комората до Министерството за правда.

Кон Предлогот за измена и дополнение да се достави и Иницијативата за измени на постапка за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа со цел намалување на трошоци и зголемување на доверба во правосудството од граѓаните и стопанството во РМ како образложение кон Предлогот.

Се врши упис на извршител Благоја Каламатиев врз основа на Решение на Министер за правда бр.09-3207/2 од 07.09.2016 година во Именикот на извршители при Комората

Се врши упис на извршител Васко Блажевски врз основа на Решение на Министер за правда бр.09-2212/53 од 14.10.2016 година во Именикот на извршители при Комората

Се врши бришење на извршител Димитар Стаменков од Охрид врз основа на Решение на Министер за правда09-3846/1 од 13.10.2016 година од Именикот на извршители при Комората на извршители на РМ

Се прифаќа понудата за софтвер за електронска архива од Фоксит ДОО Скопје 03-875/1 од 05.10.2016 година. Се овластува Секретарот на Комората на извршители на РМ да потпише едногодишен договор со Фоксит ДОО Скопје

Се одобрува одлуката на Претседателот на Комората за донирање на средства во износ од 30.000 денари на Здружение на млади кривичари на РМ за организација на научно советување – Школа за млади кривичари од 24-25.09.2016 година во Охрид .

Се задолжуваат извршител Анѓелка Ефкоска од Скопје, извршител Роза Родиќ од Скопје и извршител Душан Филиповиќ од Охрид и да изработат предлог Протокол за безбедност во извршителските канцеларии.

Се прифаќа предлогот на членот на Управен одбор Анѓелка Ефкоска наместо трочлената Комисијата формирана од УО за изработка на Предлог Протокол за безбедност на извршителски канцеларии, оваа обврска да ја заврши лице надвор од Комората. Се ангажира лицето Горан Ристовски од Скопје за изработка на Предлог Протокол за безбедност на извршителски канцеларии. Се овластува Претседателот на Комората да склучи авторски договор со лицето Горан Ристовски од Скопје со бруто надомест во висина од 20.000 денари.

Се задолжуваат извршител Анѓелка Ефкоска од Скопје и извршител Гордана Џутеска од Охрид да изработат предлог Правилник за надоместоци на членови на органи на КИРМ.

Се задолжуваат извршител Гордан Станковиќ од Скопје и извршител Премтим Ќерими од Куманово да изработат предлог Правилник за издавање на гласило на Комората и начин на постапување на лицата назначени за односи со јавност на Комората.

Се одобрува одлуката на Претседателот на КИРМ за примопредавање на канцеларијата на извршител Димитар Стаменков од Охрид поради престанок на работниот однос на заменикот на извршителот Слободанка Коловска со нејзина одјава од Агенцијата за вработување на РМ од страна на извршителот.

Се одобрува Одлуката на Претседателот на КИРМ за склучување на Договор за закуп на деловен простор во Охрид со закуподавач Иван Пендов во просториите на деловниот простор на канцеларијата на извршител Димитар Стаменков чија должност престана, со месечна закупнина во нето износ од 7000 денари.

Се доделува златник по повод пензионирање на извршител Димитар Стаменков.

Се одобрува конечен Предлог Правилник за начин и форма на квартални и годишни извештаи за работата на извршителите изработен од Љубица Новјановска и Билјана Николовска, вработени во КИРМ, по овластување од Управниот одбор на КИРМ.

Се задолжува извршител Даница Страчкова од Скопје да биде одговорно лице за организација на предновогодишна забава за извршителските канцеларии , на трошок на секој пријавен извршител за неговите вработени, а врз основа на претходен список од организирани предновогодишни забави.

Да се прати на стручно успособување за овластен сметководител Љубица Новјановска, вработена во Комората на извршители на РМ, на сметка на Комората на извршители на РМ. По исполнување на услови за овластен сметководител за Комората, надоместокот за лиценцата да биде на товар на Комората.

Комората на извршители на РМ да склучи анекс договор за вработување со работникот Љубица Новјановска од Скопје со нови обврски за книговодствени и сметководствени работи и соодветно да и се зголеми платата за новите работни обврски.

Да се иницираат измени на Законот за трговски друштва од причина што одредбите врз основа на кои се спроведува бришење на правни субјекти кои не исполниле одредена обврска спрема ЦРРМ, а кои правни субјекти имаат имот и парични средства на свое име, се во колизија со одредбите од Законот за извршување и создаваат правна несигурност за странките во извршувањето.

Се прифаќа понудата доставена од Бранислав Јовановски од 19.09.2016 година дел.бр.03-829/1 .Се овластува Претседателот да склучи Договор за закуп на 3 (три) години, сметано од 01.01.2017 година. Се задолжува Стручната служба да го извести писмено закуподавачот на деловниот простор на ул. Илинденска бр.60/2-2 за раскинување на договорот за закуп.

Се врши промена на седиштето на Комората на ул. Костурски херои број 66/4 Скопје.

Комората на извршители на РМ како издавач да склучи договор преку Авторска агенција со проф.д-р Арсен Јаневски, проф.д-р Татјана Зоровска и доц. Милка Ракочевиќ како автори на Коментар на Закон за извршување.

Комората на извршители на РМ да се зачлени во Европската унија на извршители ( UEHJ) во рамки на Меѓународната унија ( UIHJ) како земја набљудувач.

Управниот одбор во текот на оваа извештајна година усвои вкупно 14 правни мислења по предлог на Стручниот совет на КИРМ и два заклучоци, со цел подобра прегледност истите се интегрално приложени кон овој Извештај .[2]

Управниот одбор на КИРМ по повод разгледување на поднесоци со кои е побарано Управниот одбор на КИРМ да изврши надзор над работењето на извршител и да даде иницијатива за вршење на вонредна инспекција и за поведување на дисциплинска постапка, врз основа на доставениот приговор, а согласно член 68 став 1 точка д) од Законот за извршување донесе три одлуки со кои не се дава иницијатива за вршење на вонредна инспекција за поведување на дисциплинска постапка против извршител.

Управниот одбор на Комората на извршители на РМ по повод новата законска обврска по член 36 став 1 од Законот за извршување ( Службен Весник на РМ бр.72/14 од 12.04.2016 година), писмено се обрати до Министерството за локална самоуправа на РМ и достави список на општини со седиште во град, а во кои општини нема извршител со свое седиште. Воедно, Комората на извршители на РМ со писмен допис ги извести 15 (петнаесетте) општини со барање за обезбедување на простории за прием на барања за извршување. Исто така, со одлука на Управен одбор на КИРМ бр.02-721/4 од 19.08.2016 година беше одобрен Годишниот распоред на КИРМ за 2017 година со кој се определуваат извршители во 15 градови во РМ каде што нема именувано извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на Основен суд на кој територијално припаѓа и со Одлука бр.02-721/4-1 од 19.08.2016 година беше усвоена формата на Извештај за прием на барање за извршување по член 36 став 1 од Законот за извршување.

---

[2] Прилог број 2 Правни мислења на Комората на извршители

## 3. Претседател на КИРМ

А. **Разгледување на претставки**

До Комората на извршители на РМ во периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година беа доставени вкупно **297** претставки од странки со кои се приговара на работа на извршителите. По претходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални недостатоци, доставено е барање за уредување од страна на Стручната служба на КИРМ до странката и онаму каде што не беше постапено претставката е отфрлена. Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот.

По претставките по кои е добиен одговор од страна на извршителот оформени се предмети и доставени на одлучување до Претседателот на КИРМ кој во рамки на својата надлежност по чл. 69 од Законот за извршување во текот на оваа извештајна година ги донесе следните одлуки :

| Вкупно решени претставки од страна на Претседателот во 2016 година | |
|---|---|
| Опис на видот на одлуката | вкупно |
| Решение за неподнесување на предлог за дисциплинска | 230 |
| Мислење за примена на тарифа | 35 |
| Решение со мислење за тарифата | 29 |
| Заклучок за прекин на постапката | 1 |
| Решение за отфрлање | 56 |
| Решение за констатирање на повлекување на претставка | 9 |
| Вкупен број | 360 |

Во оваа година во вкупниот број на решени претставки учествуваат предмети кои биле примени а останале нерешени во претходната 2015 година.

Според структурата на подносители на претставки до Претседателот на Комората должниците продолжуваат да доминираат како подносители на претставки против извршителите:

| Преглед на подносители на претставки во 2015 и 2016 година до КИРМ | | | |
|---|---|---|---|
| **р.б.** | **Подносител** | **2015 година** | **2016 година** |
| 1 | Доверители | 73 | 61 |
| 2 | Должници | 258 | 232 |
| 3 | Заложен должник | 2 | 0 |
| 4 | Солидарен должник | 2 | 0 |
| 5 | Трети лица | 15 | 4 |
| 6 | Учесник во постапка пред суд | 1 | 0 |
| 7 | Не е странка во постапка | 1 | 0 |
| **Вкупно:** | | **352** | **297** |

Претседателот на Комората достави шеснаесет одговори по поднесени тужби за поведување на управен спор од страна на извршителите до Управен суд на РМ :

| Број на тужби поднесени до Управен суд против одлуки на КИРМ | | | |
|---|---|---|---|
| | **2014 година** | **2015 година** | **2016 година** |
| **Примени тужби по решение од претставка** | **22** | **9** | **4** |
| **Примени тужби по решение од Дисциплинска постапка** | **19** | **6** | **12** |
| **Вкупно:** | **41** | **15** | **16** |

Претседателот редовно доставуваше известувања до Народниот правобранител на РМ по пристигнати барања за известување со барање за превземање дејствија од страна на НП на РМ а по повод претставки од граѓани кои се однесуваат за постапување на извршителите, како и по повод барања податоци од Јавното обвинителство на РМ .

Б. **Утврдување на просторни услови**

Претседателот во текот на оваа извештајна година спроведе увид во канцеларии на извршители со цел констатирање дали работните услови на канцеларијата на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи ( Сл. Весник бр.35/05). Врз основа на спроведените увиди, претседателот донесе девет позитивни мислења со кои се констатира дека работните простории на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи, и тоа кај извршителите: Цветанка Треневска, Славица Ацовска, Звонимир Мисајловски, Дашмир Саити и Цветанка Треневска во Тетово, Гордана Џутеска и Станислав Тасески во Охрид и Александар Кузмановски во Гостивар.

В. **Членарина**

Претседателот на КИРМ во текот на оваа извештајна година, врз основа на одлуката на Собранието со која се овластува да поднесува правни средства против извршителите кои имаат долг спрема Комората за неплатени членарини , поднесе:

- Еден предлог до надлежен нотар за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа;

- Едно барање за извршување до извршител врз основа на нотарско решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа;

Г. **Средби**

Во текот на извештајната 2016-та година Претседателот на КИРМ оствари повеќе средби со претставници на институции, помеѓу кои најзначајни се континуираните работни состаноци со Министерот за правда при изработка на предлог текстот на законот за извршување и подзаконските акти.

Д. **Одлуки**

Во однос на обврските на правните лица со јавни овластувања согласно Законот за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер Претседателот како овластено лице заедно со назначените службени лица вработени во Комората посредуваше и укажуваше помош при остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Комората редовно ја ажурираше веб страната со податоци согласно листата на информации со кои располага Комората на извршители на РМ.

Комората на извршители на РМ во текот на 2016 постапуваше и донесе одлуки по повод пет барања за слободен пристап до информации од јавен карактер од кои по две барања позитивно е одговорено за слободен пристап до информации од јавен карактер додека пак едно барање е одбиено. Комората на извршители на РМ, позитивно одговори на две барања за пристап до информации од јавен карактер, одби едно барање за пристап до информација од јавен карактер, а по две барања делумно беше одобрен пристап до информациите од јавен карактер. Против Решенијата на Комората на извршители на РМ беа поднесени четири жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, која со одлука одби една жалба на барател, а усвои две жалби. Комората на извршители на Република Македонија поведе управен спор со поднесување на тужба до Управен суд на РМ, против две решенија на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, но во овој извештаен период не е донесена судска одлуки со која тужбата на барателот поднесена до управниот спор е позитивно решена.

Во периодот од 01.01.2016 година до 04.09.2016 година функцијата службено лице задолжено за посредување на информации кај имателот на информациите ја вршеше лицето Билјана Николовска. Со Решение на Претседателот на Комората бр. 03-766/1 од 05.09.2016 година, вработените лица: Снежана Пижевска и Кристина Терзиевска Вучевска, се определени за службени лица за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во Комората на извршители на Република Македонија.

Комората зема учество на ТАИЕХ работилница за интеракцијата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, одржан во деновите 29-ти и 30-ти ноември во Скопје, организирана во соработка со Комисијата за заштита на

правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, а на ден 22 декември 2016 година на обука за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во организација на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, присуствуваа службените лица за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер вработени во Комората на извршители на Република Македонија.

Комората во законскиот рок 31.01.2016 година ја исполни својата законска обврска како имател на информации од јавен карактер и до Комисијата достави Годишен извештај за примени барања за пристап до информации со јавен карактер.

## 4 Дисциплинска комисија (ДК) на КИРМ

До Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ во периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година беа доставени вкупно 5 (пет) Предлози за поведување на дисциплинска постапка по повод кои беше донесена одлука за еден дисциплински предмет со решение дека се отфрла поради застареност за поведување на дисциплинска постапка. Од причина што останатите четири предлози за поведување на дисциплинска постапка беа доставени до Комората на извршители на РМ после донесувањето на новиот Закон за извршување ( Службен весник на РМ бр.72/16 од 12.04.2016 година) кој требаше да започне да се применува по четири месеци од денот на неговото влегување во сила, а која примена се одложи до 01.01.2017 година ( Службен весник на РМ бр.142/16 од 01.08.2016 година), по овие предмети не беше постапувано и одлучувано од страна на Дисциплинската Комисија од причина што мандатот на претходната Дисциплинска комисија беше истечен, а во чиј состав имаше член –претставник од Министерството за правда додека комисијата избрана во 2016 по влегување во сила е со состав по новиот Закон за извршување односно со член во комисијата од Совет на Јавни обвинители на РМ.

Споредбено во последните три години се донесени следниве одлуки на ДК на КИРМ:

| **Изречени дисциплински мерки во 2014 , 2015 година и 2016 година** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Број на извршители** | **Вкупен број на предлози за дисциплинска постапка** | Решение - Не е сторена дисциплинска повреда | Решение - Дисциплинска мерка парична казна на извршител | Решение - Дисциплинска мерка јавна опомена на извршител | Решение Привремена забрана | Отфрлање на предлогот поради застареност | Нерешени |
| **2014** | **97** | **37** | 16 | 12 | 6 | / | 1 | 2 |
| **2015** | **99** | **39** | 19 | 5 | 11 | / | / | 4 |
| **2016** | **98** | **5** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 |

Во текот на оваа извештајна година Министерот за правда поднесе 5 предлози за поведување на дисциплинска постапка против извршител, сите врз основа на спроведен вонреден надзор, Претседателот на КИРМ како овластен предлагач и претседател на основен суд како овластен предлагач на дисциплинска постапка, немаат поднесено предлог за дисциплинска постапка.

Според типот на дисциплинска повреда за која била поднесен предлог за дисциплински постапки, најчести предлози во 2016- та биле поднесени за сторена дисциплинска повреда по член 54-д алинеја 5 од ЗИ “ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на ЗИ” – вкупно 3 предлози како и за дисциплинска повреда по член 54- г алинеја 10 од ЗИ “ неоправдано го одложува извршувањето” – вкупно 2 предлози за дисциплинска постапка против извршител.

На ден 20.06.2016 година на вонредно Собрание на Комората на извршители на РМ е донесен Правилник за Дисциплинска одговорност и Дисциплинска постапка согласно одребите од Законот за извршување ( Службен весник на РМ бр.72/16 од 12.04.2016) година На истата седница на Вонредно Собрание на КИРМ, беше избран новиот составн на Дисциплинска комисија со мандат од 3 години.

**Надзорен одбор на КИРМ**, во состав од три члена, во текот на оваа извештајна 2016 година, одржа една седница на која беше спроведен надзор над финансиското работењето на Комората во 2015 година како и планот за 2016-та година и за истото достави Извештај до Собранието на Комората кој беше усвоен на 10-та редовна седница. Новоизбраните членови на Надзорен одбор одржаа конститутивна седница на која за претседател на Надзорен одбор ја избраа извршител Весна Деловска.

**Стручен совет на КИРМ** Стручниот совет одржа пет седници на кои ги разгледа правните прашања доставени преку Управниот одбор и по повод истите донесе предлог-правни мислења и согласно Правилникот за работа на Стручниот совет, ги достави до Управниот одбор на КИРМ на усвојување. Управниот одбор усвои вкупно дванаесет правни мислења кои беа предложени од страна на Стручниот совет.[3]

**Комисија за стручна едукација на извршители** , во состав од пет члена, во текот на оваа извештајна година, одржа една средба на која на Управниот одбор предложија теми за семинари и доставија до Управниот одбор Предлог План за годишна континуирана едукација на извршителите за 2016 година.

## Активности на КИРМ преку одржани семинари, обуки и слободни активности

Во текот на оваа извештајна година, Управниот одбор на КИРМ ја организираше законски предвидената континуирана стручна едукација на извршителите на РМ и замениците, преку организирање на семинари, и тоа:

---

[3] Правните мислења се Прилог број 2 кон овој Извештај

1. **Семинар на извршители – Хотел Епинал, Битола**

Комората на извршители на РМ во периодот од **<u>06 февруари – 07 февруари 2016 година</u>** организираше семинар на извршителите кој се одржа во Хотел Епинал, Битола. На семинарот како модератори земаа учество и двајца извршители од Скопје и тоа извршителот Катерина Кокина како и извршителот Весна Деловска. КИРМ имаше чест и задоволство како гости на семинарот да ги има г-ѓа Моника Муча претставник од Министерството за правда на РМ, судија Џенета Бектовиќ при Основен суд Скопје 1 Скопје, г-дин Горан Теменугов новинар во Алсат Телевизија, г-ѓа Наташа Мерсовска новинар во Сител Телевизија и г-ѓа Ружица Фотиновска новинар во дневен весник "Вест".

Во рамките на семинарот на извршителите беа обработени следните теми:

- Осврт кон подзаконските акти на Законот за извршување од октомври 2015 година- каде како презентер се јави Извршител Гордан Станковиќ;
- Права и обврски на проценителите ангажирани за потребите на извршувањето

каде како презентер се јави г-ѓа Надица Младеновска-Крцкоска, Претседател на Комора на проценувачи на Република Македонија а модератор извршител Катерина Кокина од Скопје;

- Правни прашања и дилеми при спроведување на извршување врз недвижности запишани во јавната книга ;

каде како презентери се јавија г- ѓа Христина Бошнакоска Раководител на сектор и г- ѓа Ирена Цонева Раководител на одделение при Агенција за катастар на недвижностите на РМ а модератор извршител Весна Деловска од Скопје;

- Оданочување со данокот на додадена вредност во постапка на присилно извршување согласно измените на ЗДДВ

каде како презентери се јавија г-дин Оливер Дековски раководител на сектор за присилна наплата и г-ѓа Александра Новаковска сектор за услуги на даночни обврзници и даноци при Управа за јавни приходи на РМ

2. **<u>Меѓународна конференција</u>** на тема„ Актуелни правни ризици и предизвици во извршувањето " беше одржана на 04.06.2016 година во хотел Буши Скопје каде за Глобален кодекс за извршување имаше излагање г-ѓа Françoise Andrieux, Претседател на Меѓународната унија на судски извршители, За Водич кон добри практики во извршувањето ЦЕПЕЖ говореше г-ѓа Радица Лазаревска Героска, државен советник Министерство за правда. Осврт кон_клучните имени во новиот Закон за извршување имаше проф. д-р Арсен Јаневски редовен професор на Правен факултет Јустинијан Први Скопје. Претседателите на Коморите во регионот :Александра Трешњев, Претседател Комора на извршители на Србија, Tedi Malaveci Претседател Комора на извршители на Албанија, Актуелни правни ризици и предизвици во извршувањето во Р.Црна Гора Ivan Petrović Претседател на Комора на извршители на Ц. Гора, Актуелни правни ризици и предизвици во извршувањето во Р.Косово и Emine Sherifi-Lubeniqi Претседател Комора на извршители на Косово, имаа панел дискусија на тема Актуелни правни ризици и предизвици во извршувањето.

Комората ја имаше честа г-дин Јос Утехад правен консултант Холандија и прв квестор на МУСИ да има свое излагање на тема Правна положба, заштита и протоколи за бебедност на извршителската канцеларија .

3. Комората на извршители во соработка со организацијата „Правоматика" спроведе советување на **14.јуни.2016 год. во хотелот Континентал со почеток** спроведе советување на тема: „Спецификите на Новиот Закон за извршување и насоки за негова примена од аспект на корисниците на извршителските услуги, извршителите, адвокатите, правниците во трговските друштва, правниците во јавните претпријатија со посебен фокус на вонсудската наплата на побарувањата"
   На спроведената активност за насоки на примена на новиот Закон за извршување и тоа од аспект на различни страни и учесници во извршувањето учество земаа освен извршителите и вработените во канцелариите на извршителите и др.претставници на правни професии од редот на адвокати, претставници на трговските друштва, претставници на јавни претпријатија и др. корисници на извршителските услуги.
4. **<u>Советување на извршители</u>**, ден 28 до 29 октомври 2016 година во Хотел Изгрев Струга на кој на темата „ Основни и заеднички одредби согласно нов Закон за извршување (извршување, извршна исправа, извршител, извршни дејствија) и надзор и дисциплинска одговорност согласно нов Закон за извршување " предаваа проф.д-р Арсен Јаневски, проф.д-р Татјана Зороска-Камиловска, доц. д-р Милка Ракочевиќ. На тема **„** Извршување заради наплата на парично побарување извршување заради наплата на непарично побарување и вонсудска наплата на долгови согласно нов Закон за извршување " имаа излагање проф.д-р Арсен Јаневски, проф.д-р Татјана Зороска-Камиловска, доц. д-р Милка Ракочевиќ ; Предлог подзаконски акти на Министерство за правда согласно нов Закон за извршување ги елаборираа г-ѓа Радица Лазареска Геровска државен советник и г-н Владимир Јанковски помошник раководител, Министерство за правда на РМ . на тема „Постапка по приговор до суд, тужби согласно нов Закон за извршување" имаше излагање судија Благица Ѓошевска, Основен суд Скопје 2 Скопје.

**4.) <u>Регионални средби по апелациони подрачја на извршителите</u>**

Во ова извештајна година беа одржани 8 (осум ) регионални средби по апелациони подрачја на кои се именувани извршителите на тема „ Нов Закон за извршување", со излагачи Снежана Фитевска, Снежана Андреевска и Гордан Станковиќ извршители од Скопје.

Комората на извршители на РМ во текот на оваа извештајна година во рамки на слободни активности организираше две планинарски акции и фудбалски натпревари на кои учество земаа извршители и вработени во извршителските канцеларии. Во месец мај 2016 година во Софија, Бугарија КИРМ со своја екипа составена од извршители и помошници извршители зема учество во пријателски натпревари во мал фудбал во рамки на Коморите на извршители членки на Евродунавската група.

## Меѓународни активности на КИРМ

Оваа извештајна година, КИРМ, со своите активности беше присутна на меѓународен план. Битно е да се напоменат следниве настани и состаноци на кои земаа учеството претставници на КИРМ :

1. Делегација на Комората зеде учество на меѓународната конференција организирана по повод 15 години јубилеј на Чешката комора на извршители, која се одржа на 20 октомври 2016 година во Прага.
2. Делегација на Комората во состав Гордана Џутеска и Весна Јакимовска, членови на Управен одбор земаа учество на седница на постојаниот совет на МУСИ кој се одржа во Париз Франција и на кој беше одржана основачка седница на новоформираната Унија на европски извршители.

## Регионална соработка на КИРМ

Во оваа извештајна 2016 година Комората ја продолжи и зајакна соработката со Коморите на извршители од соседните земји во регионот и тоа со неколку активности :

- На 27.01.2016 година во организација на Здружението за развој на присилно извршување основано од извршители од Р. Бугарија а во соработка со МАНУ, беше одржана работна средба во КИРМ на која присуствуваа извршители од Р. Бугарија и академик Владо Камбовски;
- На покана на Комората на извршители на Р. Србија извршител Катрина Кокина и Радица Лазаревска Геровска учествуваа на работен состанок во Белград на 18.02.2016 година на која се сретнаа со Претседателот на Високиот суд на здружени извршители на Англија и Велс г-д Мартин Лејшон;
- На 26 и 27 март 2016 година Претседателот на Комората и извршител Премтим Ќерими, земаа учество на Второ годишно советување на извршителите кое се одржа во Златибор, Србија.
- Во периодот од 25-26.11.2016 година претставници на Комората на извршители на РМ присуствуваа на обука за извршителите од Р. Косово на која излагања имаа претставници на Комората : проф. д-р Арсен Јаневски, Премтим Ќерими и Гордан Станковиќ кои говореа на тема Добри практики во извршувањето.

## Односи на КИРМ со домашни и странски институции

А .Односи на КИРМ со домашни институции

1. **Односи со Министерството за правда на РМ**

Законската поставеност на Министерството за правда како институција која ја контролира работата на извршителите на РМ и на самата Комора, Министерството за правда во оваа извештајна година ја оствари преку спроведени редовни и вонредни надзори и до КИРМ беа доставени вкупно 30 извештаи за извршен надзор над работата на извршителите, од кои 16 спроведени редовни надзори додека пак по повод добиени сознанија од странки и учесници во предмети спроведени се 14 вонредни надзори со увид во предмет кај извршител, што севкупно претставува значително намалување на бројот на спроведени надзори.[4]




Министерот за правда како овластен предлагач на дисциплинска постапка согласно чл. 59-а ст. 4 од Законот за извршување, во оваа извештајна година поднесе вкупно 5 предлози за поведување на дисциплинска постапка врз основа на извештаите за спроведен редовен надзор и вонреден надзор.

КИРМ во текот на оваа година редовно доставуваше одговори на барања за податоци упатени од страна на МП и ажурно доставуваше сублимирани и анализирани податоци од секаков карактер а во врска со извршувањето и дејноста

[4] Анализата за спроведен надзор над работата на извршителите е направена според годината во која е примен извештајот за надзор во Комората а не по ден на спроведен надзор.

извршител. Исто така и извршителите ажурно ја исполнуваа својата обврска и доставуваа квартални извештаи за својата работа до Министерството за правда.

Комората на извршители на 01.04.2016 година ја исполни својата законска обврска и согласно чл.72 став 2 од Законот за извршување достави писмен извештај за работењето на секој извршител поединечно за претходната година за вкупно примени и реализирани барања и наплатени трошоци, администрирање и награда. На барање на Министерството за правда Комората на извршители во текот на месец април 2016 година изработи вкупен извештај за работењето на извршителите изразен споредбено по години и по подрачја за кои се именувани извршителите врз основа на поднесените поединечни извештаи и истовремено беа споредбено изразени податоците од годишните пријави на извршителите.

Овластени лица од Министерството за правда во оваа извештајна година на ден 04.07.2016 година спроведоа редовен и вонреден надзор на работата на Комората и видно од доставен Извештај за спроведен надзор министерството не најде забелешки ниту недостатоци во работата на Комората. Во извештајот 09-2182/3 од 16.09.2016 година се дава препорака Комората и во иднисна да продолжи да постапува согласно подзаконските и законските обврски како и укажување на Претседателот на Комората на извршители да поведува постапки за наплата на неплатени парични казни на извршителите кои им се изречени од страна на ДК.

Министерот за правда во оваа извештајна година формираше Работна група за измени и дополнувања на Законот за извршување во која учествува и Комората со свои претставници Христо Јованов и Снежана Андреевска. Работната група на неколку работни средби ги разгледа предлог измените на Законот за извршување доставени од претставниците на банкарскиот сектор во РМ и до Комората беше доставен на мислење Предлог за измени и дополнувања на Законот за извршување кој беше оценет како прифатлив.

Министерството за правда ги донесе и објави во Службен весник на РМ број 226 од 30 декември 2016 година следните подзаконски акти : Правилник за формата на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки, потврдите и другите акти кои ги изготвува извршителот при преземање на извршните дејствија; Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на Уписникот за примените барања за извршување; Правилникот за начинот на водење на електронската евиденција на извршителите, замениците на извршителите и помошниците на извршителите; Програма за градивото и прописите за полагање на теоретскиот дел од квалификациониот испити испитот за рангирање на извршители, испитот за заменици извршители и стручниот испит за проверка на знаењата на извршителите; Правилник за формата и содржината на легитимацијата на извршителот и заменикот на извршителот, начинот на нејзино издавање, одземање и поништување; Правилник за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи; Правилник за потребниот простор и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на квалификациониот испит и испитот за рангирање на извршители, испитот за заменици на извршители и стручниот испит за проверка на знаењата на извршителите; Правилник за начинот

на вршење надзор над работата на Комората на извршители на Република Македонија и на извршителите и Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите.

## Нормативна активност на Комората на извршители

Комората на извршители на РМ во оваа извештајна година зеде активно учество во работните состаноци во Министерството за правда при изработка на Законот за извршување кој беше донесен од страна на Собранието на РМ и објавен во Службен весник на РМ бр.72 од 12 април 2016 година.

Комората зема активно учество при изработка на подзаконските акти на Министерството за правда кои беа донесени и објавени на 30.12.2016 година.

Комората на извршители на РМ врз основа на одлука на Управен одбор поднесе до Министерството за правда во извештајната 2016 година предлог за измена на Законот за извршување со цел извршителите да се предвиди надлежност на извршителите за издавање на платни налози.

## Односи на КИРМ со други институции

КИРМ во оваа извештајна година иницираше одржување на средби со сите институции  кои имаат допирни точки  со работата на извршителите, а со цел да се изнајдат решенија за конкретни проблеми на кои наидуваат извршителите при вршењето на нивната работа. Комората на извршители на РМ и Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, во согласност со потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу двете институции одржа неколку заеднички советувања заради континуирано стручно усовршување во полето на соодветна примена на законите и зајакнување на капацитетите.  По предлог и барање на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, во Комората на извршители на РМ посета оствари кандидат за судија за судија на Државната правосудна академија на Република Франција со цел реализација на потребен стаж во странство. Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ организираше советување на тема „Надомест на штета од професионална дејност“ кое се одржа на 4 март 2016 година (петок), во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев  со предавачи на советувањето судиите Лидија Димова и  Биљана Јачева од Основниот суд Велес, а присуство имаа повеќе извршители.

Претседателот на Комората г-н Петрески беше гостин на Денови на македонската адвокатура 71 година , настан кој се одржа во Охрид во организација на Адвокатската комора на РМ.

Комората на ден 30.11.2016 година до Државниот архив на РМ по повод обврските кои произлегуваат за извршителите како лица кои вршат јавни овластувања и се иматели на архивски материјал изработи предлог листи и планови, и во законскиот рок за извршителите кои доставија своја согласност за истото до Комората поднесе барање за добивање на согласност за примена на планот и листите од Државен архив на РМ, врз основа на кое мнозинството од извршителите со Решение на ДАРМ добија согласност за примена на Планот за архивски знаци за распределување на актите, Листата на архивски материјал и Листата на документарен материјал за 2017 година.

Даница Страчкова претставник од Комора на извршители на Република Македонија и Билјана Николовска секретар на КИРМ на 17.11.2016 година во х.Парк Скопје учествуваа на Прва работилница за проектни компоненти 2 и 3 од Имплементација на легислатива за меѓусебно признавање на професионални квалификации на која се презентираше предлог дата базата на професионални квалификации објавена на веб страната на Министерството за образование и наука.

Комората на извршители на Република Македонија донираше парични сретства за помош на настраданото население од поплавените подрачја во Скопје, преку солидарниот фонд на Црвениот крст на РМ.

**Односи на КИРМ со невладини и странски институции**

Комората на извршители ја продолжи соработката со УСАИД Проектот за зајакнување на судството и на големо задоволство УСАИД ги подржа средбите за годишните известувања за медиумите, а воедно КИРМ имаше чест претставници на УСАИД да земат учество на настаните организирани од страна на Комората.

Комората на извршители на РМ во оваа извештајна година потпиша Меморандум за соработка со Институтот за човекови права во Скопје.

**Односи со медиумите**

**А. Годишно известување на претставниците на медиумите**

Годишно известување на медиуми х.Романтик Дојран

Комората на извршители на РМ во периодот од 15 - 17.04.2016 година одржа Годишно известување на претставниците на медиумите на кое Претседателот на Комората ги презентираше резулататите од работењето на извршителите во 2015 година. На тема Осврт кон клучните измени на Законот за извршување говореше проф. др-р Арсен Јаневски, Осврт на казнена одговорност на странките и учесниците во извршувањето имаше Анѓелка Ефкоска извршител од Скопје, и на тема Исполнување на обврски со повеќе доверители-должници се обрати Емилија Павловска, извршител од Штип.

Годишно известување на медиуми х. Гогов Пехчево

Комората на извршители на Република Македонија на средба со претставници на медиумите одржана 18-19.11.2016 година во Пехчево ги презентираше резултатите од деветмесечно работење за 2016 година. На средбата освен презентирање на деветмесечниот извештај за работата на Комората и на извршителите, се дискутираше за социјалните права и заштита на правата на странките во извршувањето, за секундарни активности на извршителот, како и за карактеристични случаи од извршувањето во пракса. Претседателот на Комората на извршители Зоран Петрески на средбата ги извести претствниците на медиумите дека покрај подготвените акти на Комората, подготвен е и порталот за начинот на распределба на предметите по извршители од страна на Комората, содржината и начинот на поднесување барање од страна на доверителот до Комората, содржината на одговорот на Комората, и начинот на доставување на одговорот на Комората до доверителот. Билјана Николовска, секретар на Комората на извршители, имаше излагање за секундарните активности на извршителот во согласност со упатствата на СЕПЕЖ (CEPEJ). Извршителот Гордан Станковиќ на средбата говореше за социјалните права и за заштитата на правата на странките во извршувањето и новините во Законот за извршување како и прашањето за примања изземени од извршување и изземање од извршување кај извршување врз недвижности. Сузана Митровиќ стручен соработник при Основниот суд Штип и Емилија Павловска извршител од Штип, говореа за карактеристичните одлуки на судовите кои се однесуваат на извршувањето.

На годишните известувања на Комората на извршители на РМ присуствуваа претставници од следните медиуми : Фактор, Alsat M; МИА; Вечер; Алфа; 24 Вести; Сител; Вест; Фокус; МТВ 1, Телеграф, Инбох 7, МТВ 2; Коха; Мета; Нова Македонија, Ирис и ТВ Стар.

Комората во оваа година продолжи со издавање на гласило на Комората насловено „ Правда “ кое еднаш месечно се издава во форма на подлисток во рамки на дневниот весник Нова Македонија и кое обработува теми поврзани со извршувањето. [5]

**Одбележување на десетгодишнина од основање на Комората на извршители на РМ**

Комората на извршители на РМ во Музејот на македонската борба за државност и самостојност на 03 јуни 2016 година одбележа свечен јубилеј по повод 10-годишнината од основањето на Комората на извршители на РМ.
На свечената академија Комората имаше чест да се обрати и претседателката на Меѓународната унија на судски извршители, Франсоа Андро, која го поздрави јубилејот изразувајќи задоволство дека македонските извршители и македонската Комората на извршители успешно функционираат, како што и во знак на обединувањето на извршителската дејност на денешниот настан присуствуваат претседателите и претставниците на коморите на извршители на Србија, Албанија, Бугарија, Косово и Црна Гора. Овој свечен чин го збогати и присуството на Министерот за правда Валдет Џафери кој во својот говор истакна дека воведувањето на извршителите во македонскиот правен систем било револуционерно решение кое го оправдало своето постоење, покажувајќи дека новиот систем за извршување е функционален и ефикасен и дека во иднина со новиот Закон за извршување сите противречности и проблеми ќе се надминат. Заменик-министерката за правда Биљана Бришкоска-Бошковски, нагласи дека една од основните цели на новиот закон за извршување е поефикасно остварување на правата на граѓаните, на правните лица и на сите учесници во постапката.
Претседателот на АКРМ Никола Додевски и претседателката на Нотарската комора на Република Македонија Зорица Пулејкова изразија задоволство од заемната соработка помеѓу Коморите. На јубилејот имаа свои поздравни говори и Државниот секретар во Министерството за финансии Игор Димитров, Елена Милевска-Штрбевска од Стопанската комора на Македонија.
Поранешните претседатели на Комората на извршители Горан Тошевски, Антонио Коштанов, Гордан Станковиќ, говореа за десетгодишниот развој на извршувањето во Република Македонија, за функционирањето на Комората на извршители и за предизвиците со кои се соочувала во десетгодишното постоење.
Во рамките на јубилејот Комората им додели плакети на извршителите кои со своето дејствување го одбележаа десетгодишниот развој и етаблирање на извршителската професија и на Комората на извршители.

**Планови на Комората за 2017 година**

Комората врз основа на резулататите од сработеното во извештајната 2016 година, констатира дека целите кои беа поставени согласно планот беа и остварени :

[5] Изданијата од подлистокот Правда се Прилог број 4 кон овој Извештај

| План на КИРМ за 2016 година | | Планирани активности на КИРМ за 2016 година | Реализација во 2016 година |
|---|---|---|---|
| 1 | Континуирана едукација на извршителите | Одржување на три семинари | остварено |
| | | Одржување на еднодневни тематски советувања | остварено |
| | | Продолжување на соработката со Академијата на судии и јавни обвинители и учество во нивните обуки | остварено |
| 2 | Активности за десетгодишнина на КИРМ | Промоција на јубилејот во медуми | остварено |
| | | Организирање на прослава | остварено |
| | | Мегународна конференција | остварено |
| 3. | Средби со претседателите на Апелационите судови | Одржување на заедничка средба на претседателитена Апелационите судови заради усогласување на праксата | остварено |
| | | Средба на претседателите на основните судови и претседателот на Апелационото подрачје 4 средби | остварено |
| 4. | Нов закон за извршување | Кампања за новиот закон | остварено |
| | | Обуки за примена на законот | остварено |
| | | Средби со претседатели на Основни судови | остварено |
| | | Средби со претседатели на Апелациони судови | остварено |
| 5. | Нови подзаконски акти за новиот закон за извршување | Активна улога на КИРМ во изработката на подзаконските акти по донесување на новиот закон за извршување | остварено |
| 6. | Донесување на нова Тарифа | Учество во изработката на новата тарифа | остварено |
| | | Активности за усогласена примена на тарифата | остварено |
| | | Воведување на нови ставки во тарифата | остварено |
| | | Востановување на внатрешна контрола во КИРМ, за контролирање на примена на тарифата, со основање на Комисија за контрола | остварено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Проширување на надлежноста на Извршителите | Продажба во стечајна постапка на имотни права по барање на стечајниот управник | остварено |
| | | Превземање дејствија за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот; | остварено |
| | | Вонсудската наплата на долгови за комунални сметки извршителот ја спроведува со согласност на должникот | остварено |
| 8. | Одржување на односите со Медиумите | Две средби со новинарите | остварено |
| | | Гостување во емисии на национални и локални телевизии, и други медиуми | остварено |
| 9. | Издавање на подлистокот Правда и негово подобрување | Издавање на 10 броја на правда | остварено |
| | | Зголемување на бројот на страници на Правда во електронското издание на подлистокот | во тек |
| 10. | Промоција на КИРМ | Зголемување на угледот на КИРМ преку средби со институции | остварено |
| | | Средби со други комори во РМ | остварено |
| 11. | Нормативна дејност | Донесување на нов Статут | остварено |
| | | Деловник за работа на собранието на КИРМ | остварено |
| | | Донесување на правилник за дисциплинска одговорност | остварено |
| | | Донесување на правилник за контрола на примена на тарифа | остварено |
| 12. | Одржување на контакти со регионалните комори на извршители | Одржување на редовна комуникација | остварено |
| | | Посета на нивни семинари | остварено |
| | | Посета од нивна страна на наши семинари | остварено |
| | | Работни посети | остварено |
| 14. | Еднаква поделба на комуналните предмети на извршителите преку Комората | Транспарентност на постапката за делба на предметите | остварено |
| | | Софтвер за рамномерна распределба на предмети | остварено |
| | | Изработка на предлог правилник за начин и постапка за еднакво распределување на предметите | остварено |

Комората на извршители во 2017 година планира особен акцент да стави на промоција на новиот Закон за извршување во медиумите со цел запознавање на јавноста со придобивките од новите законски решенија и намалените трошоци за граѓаните, како и

одржување на јавни трибини и расправи со цел стручната јавност да даде свој придонес кон подобрување на законот при негови следни измени. Комората во текот на 2017 година планира да биде присутна во полето на односи со медиумите со одржување на средби за Годишно известување на претставниците за постигнатите резултати во извршувањето и преземање на поголем број на активности за промоција на Комората преку пресконференции и почести Соопштенија до јавноста и други мерки за подобрување на имиџот на извршителите во јавноста.

Електронско поврзување со банките, јавните книги и регистрите со акцент на регистарот на корисници на права кои произлегуваат од социјална заштита, во согласност со Правилникот за начинот на водење и содржина на евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита и документацијата за стручната служба при МТСП, се едни од идните предизвици на КИРМ во годината која претстои.

Комората на извршители на РМ во претстојната 2017 година планира да продолжи со издавањето на подлистокот „Правда" со цел подобрување на имиџот на извршителите во јавноста. Во однос на релациите со домашните институции, Комората планира да ја продолжи добрата соработка со Министерството за правда на РМ, Академијата за судии и јавни обвинители а воедно планира да оствари соработка и со НВО секторот со цел учество на заеднички проекти од значење за извршувањето.

| **План на КИРМ за 2017 година** | | **Планирани активности на КИРМ за 2017 година** |
|---|---|---|
| 1. | Континуирана едукација на извршителите | Одржување на три семинари |
| | | Одржување на еднодневни тематски советувања |
| | | Продолжување на соработката со Академијата на судии и јавни обвинители и спроведување на заеднички обуки |
| 2. | Активности за промоција на нов Закон за извршување | Промоција во медуми и стручна јавност |
| | | Организирање на јавни расправи и трибини |
| | | Издавање на Коментар на Законот за извршување |
| | | Реализирање на проекти со НВО секторот |
| 3. | Средби со претседателите на Апелационите судови | Одржување на заедничка средба на претседателите на Апелационите судови заради усогласување на праксата |
| | | Одржување на средби со претседателите на основните судови и претседателите на Апелационите судови |
| 4. | Одржување на односите со претставници на медиумите | Одржување на две средби со новинари |
| | | Гостување во емисии на национални и локални телевизии, и други медиуми |
| 5 . | Издавање на подлисток Правда | Издавање на 12 броја на гласилото на Правда |
| | | Зголемување на бројот на страници на Правда во електронското издание на подлистокот |
| 6. | Промоција на КИРМ | Зголемување на угледот на КИРМ преку средби со институции |
| | | Одржување на средби со други комори и професионални здруженија |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Нормативна дејност | Иницирање на измени и дополненија на Законот за извршување |
| | | Иницирање на измени и дополненија на закони кои се од значење за ефикасно извршување |
| | | Донесување упатства и препораки за примена на ЗИ и Тарифата |
| 8. | Одржување на контакти со регионалните комори на извршители | Одржување на редовна комуникација со размена на податоци и искуства |
| | | Взаемни посета на семинари и конференции |
| | | Студиски посети преку грантови и фондови на ЕУ |
| | | Одржување на работни посети |
| 9. | Е -комора | Воспоставување на софтверско решение во комората за поднесување на извештаи за работа на извршителот |
| | | Електронско поврзување на извршителите со јавните книги, регистри и банките во РМ |
| | | Воспоставување на електронски именици на извршители, заменици и помошници на извршители |

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Претседател,